Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-40/1
09-01-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 669/1 од 20.12.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје застапувано од [redacted] против Комисија за спречување и заштита од дискриминација, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 9.1.2023 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 - 669/1 од 20.12.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје застапувано од Александра Николова – [redacted] против Комисија за спречување и заштита од дискриминација **поради ненадлежност.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 20.12.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] Скопје застапувано од [redacted] против Комисија за спречување и заштита од дискриминација за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа.

Согласно **членот 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** каде што таксативно се набројани законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата **нема надлежност** да ја оценува сопствената работата. Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не може да постапува во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, доколку подносителот на претставката смета дека му е повредено правото на еднаквост од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, го упатуваме да се обрати до Народниот правобранител, во согласност со член 2, став 1 од Законот за народен правобранител.

Скопје
9.1.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk